РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-4901/24

07. 12. 2020 .2020 год.

Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

## ОДЛУКА

**за избор на кандидатот по интерен оглас бр.2/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

1. Кандидатот **Лидија Симоновска** по пат на интерен оглас број 2/2020 објавен на 26.11.2020 година година се избира на работно место УПР 01 01 Г01 000, **Самостоен референт за архивирање,** Одделение за општи работи, Сектор за правни и општи работи – **1(еден) извршител;**

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 2/2020 со архивски бр.04-4901/17 од 04.12.2020 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архиски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4901/1 од 23.11.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 2/2020 за унапредување на 5 (пет)

административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 26.11.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4901/12 од 02.12.2020 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 2/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4901/14 од 04.12.2020 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-4901/17 од 04.12.2020 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за ибор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2020 со архивски бр.04-4901/17 од 04.12.2020 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
КАЈА ШУКОВА

*ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*